Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
Бр.-Nr. 50 - 1003/4
27 01 2020 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 70-в став 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), Министерот за култура донесе:

# ПРОГРАМА
# ЗА ИЗГРАДБА НА НОВИ ОБЈЕКТИ И ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА, САНАЦИЈА И АДАПТАЦИЈА НА ПОСТОЈНИТЕ ОБЈЕКТИ ШТО ГИ КОРИСТАТ НАЦИОНАЛНИТЕ УСТАНОВИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2020 ГОДИНА

1. Со оваа Програма се определуваат видот и носителот на активностите и износот на планирани финансиски средства за изградбата на нови објекти од областа на културата и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2020 година.

2. Со оваа Програма се планира да се реализираат следниве активности:

| Ред. бр. | **Опис на активноста** | **Носител на активноста** | **Износ на финансиски средства** |
|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на нов објект наменет за театар и библиотека во Тетово | НУ ЦК „Ильо Антески – Смок" Тетово | 120 000 000,00 денари |
| 2. | Изградба на театар во Струмица | НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Струмица | 51 000 000,00 денари |
| 3. | Изведување на завршни работи за објект Театар во Велес | Министерство за култура | 3 000 000,00 денари |
| 4. | Изведба на дополнителни системи за ладење во технички простории во објект Македонска филхармонија | Министерство за култура | 3 000 000,00 денари |
| 5 | Реконструкција на објект на НУ ЦК „Трајко Прокопиев" – Куманово - зграда на театар | Министерство за култура | 5 000 000,00 денари |

... знак: ______ год.
... чување: ______ 20___ год.
Потпис,

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6 | Реконструкција на објект на НУ ЦК „АСНОМ“ – Гостивар - | Министерство за култура | 10 000 000,00 денари |
| 7 | Обезбедување на проектна документација за реконструкција на објектот на НУ Музеј на Македонија | Министерство за култура | 3 000 000,00 денари |
| 8 | Обезбедување на проектна документација за реконструкција на театарот при НУ ЦК „Марко Цепенков“ - Прилеп | Министерство за култура | 3 000 000,00 денари |
| 9 | Обезбедување на проектна документација за реконструкција на објект на НУ Национална Галерија на Македонија – Мала станица | Министерство за култура | 6 000 000,00 денари |
| 10 | Обезбедување на проектна документација за реконструкција на објект на НУ ЦК „Антон Панов„ Струмица | Министерство за култура | 3 000 000,00 денари |
| 11 | Реконструкција на кров на НУ ЦК „Никола Јонков Вапцаров“ Делчево – објект, Разловечко вострание с.Разловци | Министерство за култура | 500 000,00 денари |
| 12 | Адаптација на простор во галерија на НУ Центар за култура „Кочо Рацин“ - Кичево | НУ Центар за култура „Кочо Рацин“ - Кичево | 2 000 000,00 денари |

3. Финансиските средства за реализација на активностите од точка 2 на оваа програма во износ од 209 500 000,00 денари се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2020 година, Раздел 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата, програми – 49, 50 и 84 од ставките 482 – други градежни работи.

4. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на веб-страницата на Министерството за култура, а ќе се објави по добивањето согласност од Владата на Република Македонија.

Министерство за култура
Министер
Dr Hysni Ismail